АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17.03.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1506 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 23 февруари 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 март 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радио радиодифузерите се обврзани дневно да обезбедат најмалку 40% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 30 декември 2015 година, за непочитување на член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-1243 од 31.12.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (08.01.2016 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје, емитуван на 23 февруари 2016 година, на регионално ниво (Скопје), е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***